
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 30	20.11.2023 год.

ЈЕГУНОВЦЕ, НОЕМВРИ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за набавка на рекламен материјал

Се прогласува Одлуката за набавка на рекламен материјал, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 17.11.2023 год.

Бр. 09-1834/1
20.11.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на триесетата седница одржана на ден 17.11.2023 год., донесе

О Д Л У К А
За набавка на рекламен материјал

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце за набавка на рекламен материјал по повод новогодишните празници се одобруваат финансиски средства во износ од 100.000 без ДДВ.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1810/3
17.11.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2023-2024 година за ученик со посебни образовни потреби

Се прогласува Одлуката за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2023-2024 година за ученик со посебни образовни потреби, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 17.11.2023 год.

Бр. 09-1834/2
20.11.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 73 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ,, бр. 161/2019), член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ „бр. 05/02), и член 21 точка 32 од Статутот на Општина Јегуновце („Службен гласник на Општина Јегуновце,, бр. 21/03) Советот на Општина Јегуновце на триесетата седница одржана на 17.11.2023 година ја донесе

О Д Л У К А

за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2023-2024 година на ученик со посебни образовни потреби

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува право на исплата на парична помош со намена надомест на патни трошоци на ученик со посебни образовни потреби.

Член 2

Финансиските средства од член 1, се доделуваат за период на траење на учебната 2023/2024 година, при што исплата ќе се врши во месечен износ во висина на реално направените трошоци за превоз од местото на живеење до училиштето и назад.

Исплатата на средствата ќе се врши по доставена документација:

- Оригинал потврда на ученикот дека е редовен ученик во паралелка за деца со посебни потреби за учебната 2023-2024 година, издадена од соодвена институција;
- Фотокопија од лична карта на родителот/ старателот на ученикот со посебни образовни потреби;
- Фотокопија од трансакциска сметка родителот/ старателот на ученикот со посебни образовни потреби и
- Барање за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2023-2024 година.

Барање за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2023-2024 година се поднесува во архивата на општина Јегуновце за секој месец посебно.

Член 3

Средствата за оваа намена ќе се издвојат од Буџетот на Општина Јегуновце, Потпрограма А0-Совет на општина, потставка 464990 - Други трансфери, а ќе се уплаќаат на трансакционата сметка на име на родителот/ старателот на ученикот со посебни образовни потреби, согласно член 2 став 2 и став 3.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце“.

Бр.08-1810/4
17.11.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за доделување на ваучери на ученици кои освоиле награда

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства за доделување на ваучери на ученици кои освоиле награда, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 17.11.2023 год.

Бр. 09-1834/3
20.11.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на триесетата седница одржана на ден 17.11.2023 год., донесе

О Д Л У К А

За одобрување на финансиски средстваза доделување на ваучери за учениците од основните училишта кои освоиле награда.

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце се одобрува финансиски средства за доделување на ваучери за учениците од основните училишта кои освоиле награда на државен и регионален натпревар.

Ваучерите ќе бидат доделени од страна на Градоначалникот и член од Советот на Општина Јегуновце по повод денот на Општината.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1810/5
17.11.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на прехрамбени артикли за лица со посебни потреби во Општина Јегуновце по повод 3-ти Декември-Меѓународен ден на лица со посебни потреби

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на прехрамбени артикли за лица со посебни потреби во Општина Јегуновце по повод 3-ти Декември-Меѓународен ден на лица со посебни потреби, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 17.11.2023 год.

Бр. 09-1834/4
20.11.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на триесетата седница одржана на ден 17.11.2023 год., донесе

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства за набавка на прехрамбени артикли за лица со посебни потреби во Општина Јегуновце по повод 3 Декември Меѓународниот ден на лица со посебни потреби

Член 1

Советот на Општина Јегуновце по повод 3 Декември Меѓународниот ден на лица со посебни потреби од Буџетот на општина Јегуновце одобрува финансиски средства во износ до 3.000 денари за секое лице поединечно за набавка на прехрамбени артикли.

Член 2

Одобрените средства ќе се исплатат од овој буџет од потпрограма ДО конто 464990-други трансфери.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-1810/6
17.11.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на новогодишни пакетчиња за децата во Јавна Општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во Општина Јегуновце и во објект Цветови во Прељубиште и основните училишта на територија на Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на новогодишни пакетчиња за децата во Јавна Општинска установа за деца-Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во Општина Јегуновце и во објект Цветови во Прељубиште и основните училишта на територија на Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 17.11.2023 год.

Бр. 09-1834/5
20.11.2023 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на триесетата седница одржана на ден 17.11.2023 год., донесе

О Д Л У К А

За одобрување на финансиска средства за набавка на новогодишни пакетчиња за децата во Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во општина Јегуновце и во објект Цветови во Прељубиште и основните училишта на територија на Општина Јегуновце.

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце се одобрува финансиски средства за набавка на новогодишни пакетчиња за децата во Јавна општинска установа за деца - Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во општина Јегуновце и во објект Цветови во Прељубиште и основните училишта на територија на Општина Јегуновце на учениците од I одделение.

Член 2

Одобрените средства ќе се исплатат во наредниот буџет од потпрограма ДО градоначалник конто 426210-расходи за репрезентација.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

Бр.08-1810/7
17.11.2023 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Валентина Марчевска, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Одлука за набавка на рекламен материјал..... 1

2. Одлука за набавка на рекламен материјал 2

3. Решение за прогласување на Одлуката за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2023-2024 година на ученик со посебни образовни потреби..... 3

4. Одлука за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци за учебната 2023-2024 година на ученик со посебни образовни потреби..... 4

5. Решение за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за доделување на ваучери за учениците од основните училишта кои освоиле награда 5

6. Одлуката за одобрување на финансиски средства за доделување на ваучери за учениците од основните училишта кои освоиле награда..... 6

7. Решение за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на прехрамбени артикли за лица со посебни потреби во Општина Јегуновце по повод 3 Декември Меѓународниот ден на лица со посебни потреби 7

8. Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на прехрамбени артикли за лица со посебни потреби во Општина Јегуновце по повод 3 Декември Меѓународниот ден на лица со посебни потреби 8

9. Решение за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска средства за набавка на новогодишни пакетчиња за децата во Јавна општинска установа за деца Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во општина Јегуновце и во објект Цветови во Прељубиште и основните училишта на територија на Општина Јегуновце..... 9

10. Одлука за одобрување на финансиска средства за набавка на новогодишни пакетчиња за децата во Јавна општинска установа за деца Детска градинка ЈАБОЛЧИЊА во општина Јегуновце и во објект Цветови во Прељубиште и основните училишта на територија на Општина Јегуновце..... 10